

МЕТОДОЛОГИЈА

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКИ

ПРОЕКТ „МЛАДИНСКА МРЕЖА ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ НА ЈУГОИСТОКОТ“

PROMO idea
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

Центар за истражување и анализи
НОВУС

КРУНА ПЛУС

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Проект: Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот
CM-GGA-244
Здружение Центар за развој и промоција ПРОМО Идеа Струмица
Април 2025

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Опис: Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.

Оградување: Содржината на оваа методологија е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција Промо Идеа Струмица, Здружение Новус Струмица и Здружение Круна Плус Радовиш и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат“.

Содржина

Summary **4**
Резиме **6**
Вовед **8**
Основи и цели **8**
1. Модули за обука – развој на вештини и знаења за финансии кај младите лица во Југоисточен регион **11**
2. Целни групи **15**
3. Методолошки компоненти на модулите за обука **16**
Општо ниво на финансиска писменост 17
Навики за управување со финансии 17
Извори на финансиска писменост за јавни и локални финансии 17
Потреби и предлози за подобрување 18
Методолошка компонента 1 ..... **18**
Методолошка компонента 2 ..... **19**
Методолошка компонента 3 ..... **19**
Методолошка компонента 4 ..... **20**
4. Методолошки пристап во спроведувањето на обуките **21**
4.1 Селекција на учесници **24**
4.2 Методологија за спроведување на обуките **25**
4.3 Одржување на обуките **27**
Заклучок **29**

Summary

This Methodology for conducting trainings for young people within the “Youth financial literacy network in the Southeast” project is developed based on the: conducted research for the level of financial literacy, knowledge and skills of young people in the Southeast region (by the three partnering organizations – Promo Idea Strumica, Novus Strumica and Kruna Plus Radovish), the needs of the target group for establishing modern approach for training delivery, the requirements of the partnering organizations to implement trainings based on methodology and planning principles, as well as the needs of the experts/trainers for developing the material and delivering the training sessions in a structured way.

The research on which this methodology derives from was conducted from November to December 2024 and was focused on financial literacy, knowledge, and skills among young people (18 to 29 years) in the Southeast region, engaging over 140 participants through methods like online questionnaires, focus groups, and interviews.

The needs of the target groups related to the methods of the training delivery were in part identified within the research process.

Key findings related to the methodological approach are the following: Of the 125 respondents to the online questionnaire, 38% were aged from 18 to 21 years, and 30% fell into each of the age categories of 22–26 and 27–29. Most participants were either pursuing higher education (36%) or identified as employed (32%) or students (31%). On average, participants rated their financial literacy as 3.4 on a 1-to-5 scale. Half of the respondents (50%) expressed high interest in training related to public and local financial management, while 38% were moderately interested.


In the phase of project proposal development, the partnering organizations defined the following training modules on which young persons aged 18-29 from the Southeast region will be trained:

Module 1: "Financial literacy as a key skill for young people to better recognize and tackle corruption in public finance management"

Module 2: "Public and local finance management"

Module 3: "The role and impact of public finance management on social development and European integration of the Republic of North Macedonia"

Considering that these modules have a broad range of topics and in this case they need to be prepared and adapted for delivery to a particular target group (young persons aged 18 to 29), this methodology will set the basis for the two key elements, i.e.: First is the module preparation and the second key element is the training delivery.



Резиме

Оваа Методологија за спроведување на обуки за млади во рамките на проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“ е изработена врз основа на: спроведеното истражување за нивото на финансиска писменост, знаење и вештини на младите во Југоисточниот регион (од трите партнерски организации – Промо Идеа Струмица, Новус Струмица и Круна Плус Радовиш), потребите на целната група за воспоставување современ пристап за спроведување на обуките, барањата на партнерските организации за спроведување на обуки засновани на методологија и принципи на планирање, како и потребите на експертите/обучувачите за развивање на материјалот и спроведување на обуките на структуриран начин.

Истражувањето од кое произлегува оваа методологија беше спроведено од ноември до декември 2024 година и беше фокусирано на финансиската писменост, знаење и вештини кај младите луѓе (18 до 29 години) во Југоисточниот регион, ангажирајќи над 140 учесници преку методи како онлајн прашалници, фокус групи и интервјуа.

Потребите на целните групи поврзани со методите на спроведување на обуката беа делумно идентификувани во рамките на процесот на истражување.

Клучните наоди поврзани со методолошкиот пристап се следните: Од 125 испитаници на онлајн прашалникот, 38% се на возраст од 18 до 21 година, а 30% спаѓаат во возрасните категории од 22-26 и 27-29 години. Повеќето учесници се во процес на високо образование (36%), биле идентификувани како вработени (32%) или студенти (31%). Во просек, учесниците го оценија своето ниво на финансиска писменост како 3,4 на скала од 1 до 5. Половина од испитаниците (50%) изразиле висок интерес за учество на обуките, додека 38% биле умерено заинтересирани.

Во фазата на развој на предлог-проектот, партнерските организации ги дефинираа следните модули за обука на кои ќе се обучуваат млади лица на возраст од 18-29 години од Југоисточниот регион:

Модул 1: „Финансиската писменост како клучна вештина за младите лица за подобро препознавање и справување со корупцијата во управувањето со јавните финансии “

Модул 2: „Управување со јавните и локалните финансии“
Модул 3: „Улогата и влијанието на управувањето со јавните финансии врз општествениот развој и евроинтеграцијата на Република Северна Македонија“

Имајќи предвид дека овие модули имаат широк опсег на теми и во овој случај тие треба да се подготват и прилагодат за одредена целна група (млади лица на возраст од 18 до 29 години), оваа методологија ќе ја постави основата за двата клучни елементи, односно: првиот е подготовката на модулите, а вториот клучен елемент е спроведувањето на обуките.



Вовед

Методологијата за обуки ја поставува основата на методолошкиот пат по кој партнерите на проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“ ќе ги развијат модулите за обука за подобрување на финансиската писменост кај младите луѓе во однос на јавните и локалните финансии и ќе ги спроведат обуките за целната група. Методологијата за обука произлегува од наодите од фазата на истражување на проектот, како и од опфатените теми што се наведени во проектниот предлог. Така, методологијата за обука, како што е претставена подолу, ќе ги земе предвид следните аспекти:

- Преферираниот фокус за развој на практични вештини за лични финансии, како и разбирање на улогата на надлежните институции во однос на управувањето со локалните и јавните финансии;
- Предложената модуларна структура на материјалите за обука и како таа кореспондира со посакуваните резултати од учењето за стекнување или унапредување на знаењата;
- Алатките, начините и пристапите што ќе се користат за подготовка на модулите за обука и спроведување на обуката, како и развиената содржина за самостојно учење, со цел да се обезбеди финансиска писменост, да се обликуваат финансиски ставови и да се поттикне одговорно финансиско однесување (врз основа на релевантни информации) како манифестација на овие ставови;
- Предложената распределба на работата меѓу проектните партнери во развојот на содржината на обуката, според полето на дејствување и експертиза.

Основи и цели

Земајќи ги предвид резултатите од спроведеното истражување и креираниот профил на учесници т.е. млади лица во контекст на нивното познавање на јавните финансии, главна цел на методологијата е да се креира водич во подготовката на модулите за обука и начинот на организирање и спроведување на обуките со крајна цел младите да стекнат поголемо знаење во однос на дефинирање на јавните финансии, начинот на нивно прибирање и управување од страна на соодветните органи, да се запознаат со улогата на надлежните и одговорни институции како и да се развие критичко размислување во однос на донесувањето на одлуки во поглед на управувањето со јавните финансии.

Клучниот аспект на оваа методологија е создавање на квалитетни материјали за градење на капацитети со цел да се создаде финансиска свест и одговорност кај младите, што ќе ја зголеми нивната способност да влијаат на процесите на распределба на јавните средства на локално и национално ниво преку: 1) Подготовка на модули за обука и 2) Организација и спроведување на структурирани обуки

Подготовката на модулите за обука и техниките на спроведување на обуките треба да им овозможи на младите да ги разберат принципите на јавните и локалните финансии, како што се буџетирање, управување со јавни средства, јавни приходи и расходи, даноци, централен и локален буџет, пензиски систем и сл. Со стекнување на овие вештини, младите ќе го разберат процесот на функционирање и работење на институциите на локално и национално ниво и како тие како граѓани може да влијаат на подобрување на начинот на управување со јавните средства. На овој начин, методологијата има за цел да ги подготви младите да бидат активни учесници во економскиот развој на нивната заедница и да ја разберат важноста на јавните и локалните финансии во тој процес.

Во основата на подготовката на методологијата земени се предвид следните принципи и насоки,

осигурувајќи дека сите партнерски организации ќе работат заедно со цел да се обезбеди квалитетна подготовка на модулите за обука и спроведување на обуките како и да придонесе кон ефективност и одржливост на резултатите од проектот.

1. Јасна комуникација и координација меѓу партнерите
Партнерските организации треба да одржуваат отворена и редовна меѓусебна комуникација за да осигурат јасно разбирање на целите, задачите и процесите на методологијата со цел да обезбедат синхронизација и избегнување на конфузија или дуплирање на напорите, овозможувајќи ефективна соработка во подготовката и спроведувањето на модулите и обуките за финансиска писменост.

2. Усогласување на потребите и очекувањата на сите партнери и целните групи
Подготовката на модулите и спроведувањето на обуките треба да се темели на анализата на потребите и очекувањата на сите партнери и учесници (целни групи) во проектот со цел да се покријат сите суштински аспекти што ќе доведат до постигнување на целите. Ова опфаќа инкорпорирање на сопствен начин на спроведување од страна на секоја партнерска организација, но врз основа на резултатите и наодите добиени од спроведеното истражување кое ги опфаќа гледиштата и потребите на целните групи.

3. Интерактивност и проактивно учество во обуките
Методологијата вклучува методи на активно учење, како што се дискусии, различни интерактивни активности, симулации, решавање на проблеми и самооценување кои ќе ги поттикнат учесниците да учествуваат во процесот на спроведување на обуките како и да ги надградат своите знаења преку подготвените модули за обука. Целта на овој принцип е клучен за постигнување на вклучување на учесниците и за развој на практични вештини кои ќе можат да ги применат во секојдневното живеење и работење.

4. Оценување и повратни информации во текот на процесот
Вклучувањето на континуирано вреднување на напредокот на учесниците и на ефективноста на модулите за обука е клучно за успехот на обуките. Ова може да се постигне преку анкети, тестови, повратни информации од учесниците и анализа на резултатите. Ваквиот принцип дава најточни резултати со цел компарација на планираното и реализираното.

5. Инклузивност и пристапност
Методологијата е создадена врз основа на различните потреби на учесниците т.е. целните групи и да обезбеди повеќе достапни форми на учење (печатени и материјали кои се достапни онлајн) со цел опфат на поширока целна група, како и да осигура дека истата информација ќе биде соодветно дисеминирана преку каналите на комуникација на партнерските организации.

6. Усогласување со целите на проектот
Процесот на создавање на методологијата е воден од главните цели и приоритети на проектот, со што се обезбедува целосна усогласеност на модулите и обуките со проектните цели и планираните резултати.“

7. Евалуација и одржливост.
Методологијата се темели на принципот на доживотно учење и подобрување на работењето со редовно собирање на повратни информации од страна на учесниците на обуките, како и на анализа на успешноста на модулите за обука, што гарантира дека избраните теми ќе бидат целосно во согласност со предизвиците и потребите на целните групи. Исто така важно е и да се нагласи и значењето на одржливоста на постигнатите резултати и после завршување на проектните активности кои се предмет на анализа во овој документ (подготовка на модули за обука и спроведување на обуки)

1. Модули за обука – развој на вештини и знаења за финансии кај младите лица во Југоисточен регион

Повисокото ниво на финансиска писменост и знаење во областите на јавните и локалните финансии е од суштинско значење за младите, бидејќи им овозможува да ги разберат процесите на управување со јавните финансии, транспарентноста во буџетирањето и механизмите за одговорност во финансиското управување. Преку стекнување на овие знаења, младите можат поактивно да учествуваат во општествените процеси, да препознаваат и спречуваат корупција, како и да придонесат кон подобрување на финансиските политики на локално и национално ниво. Со цел поголем пошироко опфаќање на јавните финансии од една страна и на локалните финансии од друга страна, како и начините на нивно управување од страна на одговорните институции, ќе бидат подготвени три модули за обука, а врз основа на истите ќе бидат организирани и спроведени обуки. Целта е да се поттикне критичко размислување, активно граѓанско учество и зголемена свест за важноста на солидно финансиско управување на средствата кои ги прибираат државата и општините. Темите на обработка се следни:



Финансиска писменост

Целта е да се поттикне критичко размислување, активно граѓанско учество и зголемена свест за важноста на солидно финансиско управување на средствата кои ги прибираат државата и општините.

1. „Финансиската писменост како клучна вештина за младите лица за подобро препознавање и справување со корупцијата во управувањето со јавните финансии“ – овој модул ќе ги запознае младите со основните принципи на транспарентност и отчетност во јавните финансии, механизмите за препознавање коруптивни практики и начините за нивно спречување. Модулот за обука ќе се состои од: Пишан (текстуален) материјал, визуелна презентација, кратко резиме, аудио и видео материјали и графички прикази.

Пример теми кои ќе бидат опфатени во рамките на овој модул.

*Во оваа фаза предложените теми се во нацрт верзија – при изработката на модулите експертите ќе ја дефинираат и развијат во целост содржината на секој модул.

1.Основи на финансиската писменост

- Што претставува финансиската писменост и зошто е важна за младите?
- Клучни концепти во управувањето со финансии (приходи, расходи, буџетирање, јавен долг)
- Разбирање на основните извори на јавни финансиски и нивната распределба

2. Јавни финансии и нивната транспарентност

- Процесот на управување со јавните финансии на национално ниво?
- Процес на буџетирање: Од планирање до реализација
- Улогата на институциите во управувањето со јавните финансии
- Министерство за финансии како носител на фискалната политика

3. Трошењето на јавните финансии и корупцијата

- Што е корупција и како таа влијае врз економијата и општеството?
- Видови на корупција во финансиското управување (конфликт на интереси, злоупотреба на средства, непотизам)
- Коруптивни практики во државните институции – дефинирање и препознавање

4.Алатки за следење и спречување на корупцијата

o Како и каде младите може да го следат трошењето на јавните средства?

o Улогата на медиумите, граѓанските организации и дигиталните платформи во борбата против корупцијата

5. Активна улога на младите во промоција на транспарентноста

o Како младите можат да се вклучат во мониторинг на јавните финансии?

o Важноста на дигиталните алатки и социјалните медиуми за едукација и мобилизација

o Примери на успешни иницијативи на млади во борбата против корупцијата

2. „Управување со локалните и јавните финансии“ – учесниците ќе стекнат знаења за процесите на управување со јавните финансии и нивното буџетирање на централно ниво, а како тоа функционира на локално ниво. Клучен фокус ќе бидат изворите на јавни приходи, како се распределуваат јавните средства за различни општествени потреби, кои се основните принципи на управување со јавните финансии и како тие можат да влијаат на економскиот развој и квалитетот на животот во нивните заедници. Модулот за обука на оваа тема е од суштинско значење за проектот и за целната група, со оглед на тоа што се осврнува на управувањето со јавните и локалните финансии, а кои се предмет на обработка во сите проектни активности.
Пример теми кои ќе бидат опфатени во рамките на овој модул.

* Во оваа фаза предложените теми се во нацрт верзија – при изработката на модулите експертите ќе ја дефинираат и развијат во целост содржината на секој модул

1. Основи на јавните финансии

- Што се јавни финансии и зошто се важни за граѓаните?
- Како секој граѓанин е поврзан со јавните финансии?

• Приходите и расходите во јавните финансии

2. Буџетирање и распределба на јавните финансии

• Како се планира и усвојува буџетот на национално ниво?
• Кои се клучните институции во процесот на управување со јавните финансии?
• Даноците како јавни приходи и извори на финансирање
• Категории на јавни расходи (здравство, образование, инфраструктура, социјални програми)
• Пензискиот и здравствениот систем како главни сектори во кои државата алоцира голем дел од јавните финансии

3. Управување со локалните финансии

• Функционирање на финансиските механизми на општините
• Одговорности на локалната самоуправа во финансиското управување
• Како општините генерираат приходи (даноци, такси, грантови)
• Начини на финансирање на проекти и услуги од локално значење

4. Вклучување на младите во процесот на управување со локалните финансии

• Како младите можат да се вклучат во креирањето на локалниот буџет?
• Граѓански иницијативи и алатки за мониторинг на процесот на управување на јавните и локалните финансии
• Улогата на граѓанските организации и медиумите во следењето на начинот на управување на локалните буџети

3. „Улогата и влијанието на управувањето со јавните финансии врз општествениот развој и евроинтеграцијата на Република Северна Македонија“ - преку овој модул, младите ќе ги истражуваат врските помеѓу доброто управување на јавните финансии, економскиот развој и процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. Преку разбирање на овие концепти, младите ќе бидат оспособени да учествуваат во граѓански иницијативи и да придонесат кон подобрување на финансиската транспарентност и одговорност во државата.

Пример теми кои ќе бидат опфатени во рамките на овој модул.

* Во оваа фаза предложените теми се во нацрт верзија – при изработката на модулите експертите ќе ја дефинираат и развијат во целост содржината на секој модул

1.Вовед во управување со јавните финансии

- Дефиниција и значење на јавните финансии
- Основни принципи на фискалната политика
- Улога на Министерството за финансии и други релевантни институции

2. Реформи во управување со јавните финансии во Република Северна Македонија

- Преглед и анализа на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии 2022-2025 и нејзините резултати
- Актуелни стратегии и планови (Фискална стратегија 2025-2029)
- Формирање и улога на Советот за управување со јавни финансии

3. Влијание на управувањето со јавните финансии врз општествениот развој

- Како транспарентното и одговорно управување со јавните средства придонесува кон економски раст и подобрување на јавните услуги
- Зошто е важна транспарентноста во управување со јавните финансии
- Како граѓаните можат да го следат и оценуваат трошењето на јавните финансии

4. Управувањето со јавните финансии и процесот на евроинтеграција

• Значењето на усогласувањето на националните финансиски политики со стандардите на Европската Унија
• Реформите како предуслов за пристапување кон ЕУ и поддршката од европските институции
• Финансиските и буџетските одредби на копенхашките критериуми

5. Улогата на младите во подобрувањето на управувањето со јавните финансии

• Како младите можат да се вклучат во мониторингот и евалуацијата на јавните финансии
• Користењето на алатки за транспарентност
• Промовирање на граѓанска свест и учество во процесите на донесување одлуки.

Финансиската писменост како клучна вештина за младите лица за подобро препознавање и справување со корупцијата во управувањето со јавните финансии 1

Управување со локалните и јавните финансии 2

Улогата и влијанието на управувањето со јавните финансии врз општествениот развој и евроинтеграцијата на Република Северна Македонија 3

2. Целни групи

Планираните проектни активности, односно создавањето на модули за обука и спроведување обуки за финансиска писменост има за цел да ги опфати младите лица од Југоисточен регион како примарна целна група (18-29 години). Според истражувањето на OECD од 2020 година , младите лица на возраст од 18-29 години имаат пониско ниво на финансиска писменост во споредба со останатите возрасни групи. Тие исто така имаат пониско ниво на финансиска писменост и помалку претпазливо финансиско однесување .
Според спроведеното истражување од страна на партнерските организации, Промо Идеа Струмица, Центар за истражување и анализи Новус од Струмица и здружението Круна, Радовиш дадена е поделба на целната група според возраста на три помали групи:

1. Млади на возраст од 18-21. Оваа група на млади лица е клучна кога станува збор за степенот на финансиска писменост, земајќи го предвид фактот дека тие се на почетокот на т.н. финансиско патување (поголем процент од оваа група на млади лица се студенти, а дел се ученици во средно образование). Планираните активности ќе им дадат клучни насоки и основа во процесот на дефинирање и разбирање на јавните финансии, државниот и буџетите на општините, даноците, јавните расходи и сл., односно во целина јавните финансии и улогата на институциите.

2. Млади на возраст од 22-26. Иако за оваа група генерално може да се констатира дека подобро се запознаени со предметната област или почнуваат да ги разбираат пошироките економски системи вклучително и политиките за јавните финансии, сепак според спроведеното истражување и добиените резултати и оваа група на млади лица има простор да го продлабочи своето знаење во овој домен и да разбере како управувањето со јавните финансии на централно ниво влијае врз

[1] OECD (2020), OECD/INFE 2020 International Survey of Adult Financial Literacy, OECD Publishing, Paris, https://doi.org/10.1787/145f5607-en.
[2] Ibid, стр.66

целокупното живеење на сите граѓани.

3. Млади на возраст од 27-29. Група на млади лице кои се веќе во работен однос и група која веќе има преземено позначајни финансиски одговорности на лично ниво. Но, исто така и за оваа група е важно да се вклучи во планираните активности на проектот со цел да се информираат и стекнат вештини за да може да се вклучат во процесот на следење и процесот на управување со локалните, но и јавните финансии.

Преку модулите за обуки и обуките кои ќе се спроведат, планирано е да се постигнат следните цели во однос на трите групи:
- Да се зголеми свеста кај младите за значењето на финансиската писменост како клучна карактеристика кај секој граѓанин.
- Да се стекнат суштински знаења за елементите на јавните финансии – јавните приходи и нивните извори, како и јавните расходи и нивната намена
- Да се разберат основните економски и финансиски концепти за управувањето со локалните и јавните финансии и како истите влијаат врз секојдневното живеење на младите
- Да се подобри разбирањето на одговорностите како и улогите на одговорните и надлежни институции на државно и локално ниво;
- Да се развијат вештини за критичко размислување и способност за воочување на коруптивни практики (директни и индиректни)
- Да се примени наученото преку практични примери, студии на случај и интерактивни вежби со цел подобрување на финансиските вештини.

3. Методолошки компоненти на модулите за обука

Методолошките компоненти играат клучна улога во постигнувањето на целите на проектот и успешност во креирањето на модулите за обука, чија мисија е зголемување на капацитетите на младите за финансиска писменост во доменот на јавните и локалните финансии. Соодветниот избор на пристапи и техники за учење е од суштинско значење за ангажирање на младите учесници, поттикнување на самостојно учење, креирање критичко размислување, самооценување и практична примена на финансиските концепти во секојдневниот живот.
Од спроведеното истражување од страна на партнерските организации Промо Идеа - Струмица, Круна Плус-Радовиш и Новус, Струмица може да се донесат следните заклучоци за тековните финансиските вештини кај испитаниците и генерално кај младите на возраст од 18 до 29 години во Југоисточен регион:

Општо ниво на финансиска писменост

• Анкетата покажува дека голем дел од младите имаат ограничено ниво на финансиска писменост, особено во области како буџетирање, штедење и инвестиции.
• Поголем дел од испитаниците не се сигурни во своите финансиски одлуки, што укажува на потреба од дополнителна едукација.
• Основните финансиски концепти, како каматни стапки, инфлација и кредити, не се целосно разбрани од сите млади.

Навики за управување со финансии

• Штедење: Мал дел од младите редовно штедат, додека останатите главно трошат најголем дел од своите приходи.
• Буџетирање: Само мал процент од анкетираните водат личен буџет или следат трошоци.
• Користење на кредити и заеми: Дел од младите имаат кредити или задолжувања, но многу од нив не ја разбираат целосно каматната стапка и условите на отплата

Јавни и локални финансии

• Јавни финансии: Младите немаат доволно информации за начинот на прибирање и распределба на државниот буџет, како и за ефектите од јавниот долг и буџетскиот дефицит.

• Одговорни институции: Младите, особено оние од групата 18-21 година немаат доволно знаење за улогата на Собранието во однос на јавните финансии и донесувањето на буџетот, а добар дел не ги познаваат одговорностите на Народна Банка

• Локални финансии: Познавањето на улогите на локално ниво е подобро, но сепак младите лица немаат доволно знаење и познавања во однос на начинот на финансирањето на општините и локалните јавни услуги

• Даночна политика: Постојат различни ставови за фер распределба на даноците, но генерално недостасува разбирање за улогата на даночните приходи во финансирањето на јавните услуги.

Извори на финансиска писменост за јавни и локални финансии

• Формално образование: Во повеќето случаи, младите не стекнуваат финансиска писменост преку училиштето или универзитетот.

• Само-едукација: Некои млади учат за финансии преку онлајн извори, но содржините често не се систематизирани и се не доволно разбирливи.

• Семејно влијание: Поголем дел од анкетираните ја добиваат првата финансиска едукација од родителите, но нивното знаење е ограничено.

Потреби и предлози за подобрување

• Младите изразуваат желба за поголема финансиска едукација, особено во делот на штедење, инвестирање и планирање на финансиска иднина.

• Потребна е интеграција на финансиска писменост во образовниот систем преку практични курсеви.

• Интерактивни алатки (мобилни апликации, симулации, онлајн курсеви) можат да помогнат во

подобрување на знаењата.

• Младите имаат потреба од поширока едукација за процесот на управување со јавните и локалните финансии од страна на одговорните институции.

Подолу се дадени методолошките компоненти кои претставуваат водич и насока за подготовката на модулите за обука за финансиска писменост земајќи го предвид профилот на целните групи:

Методолошка компонента 1
Микро и макро пристап во процесот на градење капацитети за финансиска писменост

Целта е да се опфатат и микро и макро аспектите на финансиското управување, создавајќи поврзаност помеѓу личните финансии и поширокиот економски систем, со цел да се избегне обработката на различните теми (пр. лични финансии, буџетирање, финансиски услуги, придонеси и сл.) како „изолирани“ острови на знаење. Севкупното искуство во учењето треба да претставува процес на продлабочување на знаењата за финансиите на лично ниво и проширување на перспективите во однос на јавните финансии и локалните финансии и нивното управување од страна на одговорните институции, при што овие два аспекти се меѓусебно поврзани и вградени во економскиот систем и структура. Ова вклучува теми како што се: финансиската писменост како основен концепт за функционирање во општеството, јавните финансии и основните карактеристики на јавните приходи и расходи, економските трендови, социјалното осигурување и пензиите, здравствениот систем и други релевантни области. Овој пристап овозможува сеопфатно разбирање на финансиската писменост, создавајќи јасна поврзаност помеѓу личните финансии, буџетирањето, јавните финансии и економските процеси, овозможувајќи им на учесниците во иднина да донесуваат одлуки врз база на релевантни информации.

Методолошка компонента 2
Релевантни извори на материјали, комбинација од директни и индиректни методи на пренос на знаење

Содржината на модулите за обука, треба паралелно да опфати директни и индиректни методи за пренос на знаењето кои даваат можност за самооценување, практични вежби и задачи и други методи за развој на критичко размислување кое не е поврзано со традиционалниот пристап кој често се базира на пренос на факти и теории без да се земат предвид потребите и интересите на учесниците. Кога станува збор за покомплексни теми треба да се користи моделот на директно пренесување на знаењето каде ќе се даде подолго објаснување и образложение за одреден термин/тема, додека индиректниот пристап тргнува од „прашањето“ (секојдневен предизвик, проблем и сл.) што е релевантно за учесниците па потоа го дава „одговорот“ со што учесниците сами формираат свое мислење за одредена ситуација. Исто така, ангажираните експерти за подготовка на модулите треба да користат навремени, точни, структурирани и информации и податоци кои имаат автентичен и релевантен извор на потекло.

Методолошка компонента 3
Формирање на ставови и лични гледишта во поглед на јавните финансии

Содржината на модулите за обука за финансиска писменост во јавните финансии треба да биде структурирана на начин што не само што пренесува знаење, туку и поттикнува промена на ставовите и позитивно финансиско однесување. Овој холистички пристап кон учењето е од суштинско значење за да се осигури дека учесниците не само што ги разбираат финансиските концепти, туку и ги развиваат неопходните ставови и однесувања за ефективно да го применат своето знаење во ситуации од реалниот свет.

Ова може да се постигне преку воведување на следниот пристап на структурно ниво:
Индуктивен дел: Засновано на искуства (демонстрација на сопствени или туѓи примери на финансиско или економско однесување/одлука). Овој дел е важен бидејќи помага на учесниците да го разберат значењето на финансиските концепти преку практични примери и секојдневни ситуации.
Прилив: Демонстрација на ново знаење. Ова вклучува визуелни материјали, интерактивни алатки, примери и актуелни информации, кои ќе помогнат на младите да ја разберат важноста на јавните финансии и како тие влијаат на нивната лична и општествена благосостојба.
Спроведување: Сценарија, студии на случај, примери, успешни приказни и иницирање критичко размислување и однесување кај учесниците да „направат нешто“ со стекнатото знаење (пр. како би реагирале во одредена ситуација која веќе им се случила после стекнатото знаење од модулот).
Интеграција: Тестови, игри, интерактивни елементи, валидација на стекнатото знаење. Овој дел од учењето помага да се потврди и зајакне стекнатото знаење, како и да се охрабри учесниците да се вклучат во активно учење и размислување.

Методолошка компонента 4
Поттикнување на самостојно истражување и учење и визуелизација на материјалите

Модулите за обука треба да обезбедат можност за интеракција и да ги поттикнат младите и понатаму да истражуваат за областа како и да стекнат знаења со цел анализа на случувањата во поглед на управувањето со јавните финансии од страна на одговорните институции, како и во процесот на управување на локалните финансии во заедницата во која живеат. Исто така, доста важно за создавањето на модулите за обука е користење на визуелни елементи (графикони, фотографии, успешни приказни, видео) кои го прават процесот подинамичен, ја зголемува мотивацијата и ја подобрува способноста за памтење. Добро избраните визуелни материјали можат да ја зголемат интеракцијата и ефикасноста на учењето.

4. Методолошки пристап во спроведувањето на обуките

Врз основа на создадените модули за обука, ќе бидат организирани и спроведени обуки за млади лица до 29 години од Југоисточен регион.

За успешно спроведување на обуки за млади лица на модулите кои се наведени во оваа методологија, а кои ќе бидат подготвени во процесот на спроведување на проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“ важно е да се користат специфични алатки и методи кои ќе ја направат обуката не само информативна, туку и интерактивна и релевантна за учесниците. Подолу се дадени клучни алатки и методи кои ќе се користат во процесот на организација и спроведување на обуките:

Тема 1: „Финансиската писменост како клучна вештина за младите лица за подобро препознавање и справување со корупцијата во управувањето со јавните финансии“

Алатки/Методи
• Интерактивни предавања - теоретски дел со конкретни примери и објаснувања • Студии на случај - анализа на реални примери на корупција и транспарентност • Групни дискусии и дебати - поттикнување на критичко размислување и размена на мислења • Практични вежби - симулации на мониторинг на јавни и локални финансии и анализа на државниот буџет • Анализа на јавни набавки • Гостински предавања – вклучување на експерти, претставници на институции и сл. • Евалуација - оценка на знаењето преку тестови, квизови, етапно или по завршување на обуката

Предавач/Експерт

• Длабоко разбирање на концептите на финансиска писменост: буџетирање, планирање, даноци, јавна потрошувачка
• Познавање на механизмите и индикаторите за корупција во јавните финансии
• Способност за пренесување на сложени информации на едноставен и разбирлив начин за младите
• Одлични презентациски и комуникациски вештини
• Критичко размислување и интерактивен пристап кон обука
• Познавање на методологии за младинско учење и активна вклученост на учесниците

Резултат

• Учесници ќе се запознаат со концептот на финансиска писменост како клучна вештина
• Ќе научат како да препознаат коруптивни практики при управувањето со јавните финансии
• Ќе стекнат вештини за анализа и мониторинг на трошењето на јавните институции
• Ќе бидат повеќе мотивирани и ќе се зголеми интересот да се вклучат во граѓански иницијативи
• Ќе стекнат подобри комуникациски и истражувачки вештини

Тема 2: „Управување со локалните и јавните финансии“

Алатки/Методи

• Интерактивни предавања - презентации и дискусии за основите на управување со јавните финансии на централно ниво и со локалните финансии на ниво на општина;
• Практични примери и студии на случај - анализа на централниот буџет за тековната година и

избор за анализа на локален буџет;
• Симулации и вежби - учесниците ќе имаат можност да креираат генерален буџет на локално ниво, согласно нивните согледувања за потребите, особено од аспект на локалните расходи;
• Групни дискусии и дебати - размена на идеи и аргументи за клучните предизвици во јавните и локалните финансии;
• Гостински предавања - експерти од областа на економијата, финансиите и финансиското управување;
• Евалуација - оценка на знаењето преку тестови, квизови, етапно или по завршување на обуката

Предавач/Експерт

• Стручно познавање на концептите на управување со јавните и локалните финансии и способност на анализа
• Одлично познавање и разбирање на даноците како клучни приходи за државниот буџет
• Разбирање на здравствениот и пензискиот систем од аспект на нивното финансирање
• Одлични фасилитаторски вештини и вештини за прилагодување на материјалот според целната група
• Критичко и аналитичко размислување
• Искуство со мониторинг, евалуација и индикатори

Резултат

• Учесниците ќе стекнат вештини за интерпретација и анализа на државниот буџет и локалните буџети
• Ќе научат како да ја анализираат распределбата на јавните финансии според сектори
• Ќе стекнат вештини за следење на процесите на управување со јавните финансии

• Ќе бидат мотивирани и со поголем интерес да се вклучат во граѓански иницијативи
• Ќе разберат како процесите на управување на јавните и локалните финансии и одлуките имаат влијание врз квалитетот на животот на сите граѓани.

Тема 3: „Улогата и влијанието на управувањето со јавните финансии врз општествениот развој и евроинтеграцијата на Република Северна Македонија“

Алатки/Методи

• Интерактивни предавања: Теоретски презентации комбинирани со практични примери;
• Студии на случај: Анализа на конкретни и реални планови и стратегии од областа на јавните финансии (пр. фискална стратегија 2025-2029)
• Групни дискусии: Размена на мислења и идеи меѓу учесниците;
• Практични вежби: Симулации на буџетски процеси и мониторинг на јавни расходи;
• Гостински предавања: Презентации од експерти во областа на јавните финансии и евроинтеграциите;
• Евалуација - оценка на знаењето преку тестови, квизови, етапно или по завршување на обуката.

Предавач/Експерт

• Стручно познавање на предметната област
• Разбирање на европските стандарди и процесот на евроинтеграција
• Познавање на економските критериуми за членство во Европска Унија од аспект на фискалната политика
• Искуство во јавен сектор, финансиски сектор или меѓународни проекти

- Способност за системска и политичко-финансиска анализа
- Одлични вештини за комуникација и интеракција

Резултат

- Учесниците ќе ја подобрар финансиска писменост во поглед на функционирањето на јавните финансии и нивното влијание врз општеството;
- Ќе стекнат подобро разбирање за финансиските реформи во контекст на евроинтеграциите;
- Ќе развијат вештините за критичко размислување;
- Добијат можност за активно учество во граѓански иницијативи насочени кон подобрување на транспарентноста и одговорноста во јавните финансии.

4.1 Селекција на учесници

Секоја од обуките ќе биде спроведена во различен временски интервал во координација и мониторирање од секоја партнерска организација поединечно. Обуките ќе бидат спроведени како четиридневни обуки и во зависност од избраните конкретни теми на обработка се препорачува комбинирање на предавања, практични работилници, групни дискусии и самостојно учење за балансиран пристап.

Секоја од партнерските организации користејќи ги сопствените канали за комуникација (веб страна, социјални медиуми и сл.) ќе ги сподели деталите за спроведување на обуките. Целна група на обуките се млади лица на возраст од 18 до 29 години и истите ќе можат да се пријават за учество со пополнување на формулар за апликација чија содржина ќе биде дефинирана во процесот на севкупно организирање на обуката.

Покрај пристапот преку сопствени канали за комуникација, партнерите може да пристапат кон целната група и преку директен маркетинг, односно со печатени материјали, а особено за да пристапат кон дел од младите кој не е вклучен на социјални мрежи и нема редовен и квалитетен пристап до интернет или преку директна покана за учество. Покрај преку сопствените канали за комуникација и преку дисеминација на печатени материјали, организациите може да користат и надворешни канали за комуникација – локални медиуми (ТВ, електронски, пишани) или други начини за селекција на учесници.

Доколку добиените пријави го надминат бројот на планирани учесници процесот може да вклучува кратко интервју со кандидатите за да се процени нивниот интерес за темата, спремноста за учество во обуките и потенцијалната корист од учеството. За да се обезбеди инклузивност, важно е да се гарантира застапеност на млади од различни социјални, економски и географски групи, создавајќи разновидна и динамична група. По успешното завршување на обуката, учесниците ќе добијат сертификат кој ќе ја потврди нивната едукација и ќе им помогне во кариерата, а исто така ќе имаат можност за активно учество во идни проекти поврзани со јавни и локални финансии или граѓанска активност, што ќе им овозможи практично искуство и создавање мрежа на контакти.

Процесот на селекција треба да биде заснован на претходно дефинирани критериуми кои ја промовираат желбата и интересот за учество, учење и дополнителна едукација на младите. Покрај тоа партнерите треба да го земат предвид специфично интересот на младите за темата на обуката, како и нивната желба понатаму да се вклучат во други граѓански иницијативи. Овој пристап ќе обезбеди квалитетна и мотивирана група учесници кои ќе можат да ги искористат научените вештини и знаења во практиката.

4.2 Методологија за спроведување на обуките

Сите три обуки ќе се спроведат со фокус на практичност, интерактивност и критичко размислување. Методологијата за спроведување се заснова на следниве принципи:

Интерактивно предавање
- Кратки теоретски воведи од страна на експертите со користење визуелни материјали
- Отворени прашања за стимулирање на дијалог и двонасочна комуникација
- Објаснување на клучни концепти со релевантни локални, национални и меѓународни примери

Целта на ваквиот пристап е што во текот на предавањата учесниците не се пасивни приматели на информации туку стануваат активни соговорници, се стимулира критичко размислување и секој од учесниците има простор за да се изрази, да даде свое мислење и секако на крај да го поврзе знаењето во секојдневното живеење и работење.

Групна работа и дискусии
- Учесниците на секоја обука ќе бидат во една поголема група, која понатаму ќе се подели во помали групи
- Ќе се поттикнува тимска анализа, презентирање и заедничко учење

Целта на ваквиот пристап е поттикнување на тимска работа, соработка и комуникација меѓу учесниците како и можност за размена на различни гледишта, искуства и знаења. Работата во групи влијае на способноста за аргументација, преговарање и решавање проблеми и стимулира критичко размислување.

Студии на случај (Case studies)
- За секоја обука ќе бидат подготвени реални примери
- Учесниците ќе ги идентификуваат проблемите, ќе предложат решенија и ќе дискутираат за импликациите

Целта на овој методолошки пристап е да се поврзе теоретското знаење со практична примена и

да се развие аналитички и критички пристап кај учесниците. Овој метод дава можност да се анализираат реални или симулирани ситуации со цел да се овозможи приказ на последици или резултати кои реално би можеле да се појават при донесувањето на одредени одлуки од страна на одговорните институции за управување со јавните финансии.

Симулации и игра на улоги (Role-play)

- Симулација на процес на буџетска расправа или буџетско планирање на локално ниво

Учесниците ќе преземат улоги (граѓани, функционери, новинари итн.) и ќе вежбаат критичко однесување

Методот на симулации и игра на улоги е динамичен пристап кој овозможува учесниците да влезат во реални или хипотетички сценарија, да ја играат улогата на различни актери и да практикуваат различни стратегии за решавање на проблеми. Ваквиот пристап ја подобрува способноста за комуникација, преговарање и донесување одлуки во одредени ситуации поттикнувајќи ги учесниците да развијат критички и креативни решенија, како да реагираат во стресни ситуации или кога работат под притисок како и да развијат практични вештини кои би ги применувале во секојдневното работење и живеење.

Креативни алатки и дигитална интеракција

Во текот на спроведувањето на обуките треба да се обезбеди примена на дигитални алатки (креирање на презентации, визуелизација на материјали, дискусии, квизови или анкети и сл.) со цел да се модернизира процесот на учење и истовремено да се поттикнат учесниците да бидат иновативни и се почесто да ги користат дигиталните платформи или алатки како поефикасно и покреативно решение во текот на своето работење.

Евалуација и самооценување

Кратко резиме за секој ден: Што научивме? Како го поврзуваме ова со нашата реалност?

Како би примениле во пракса?
Ова ќе им даде можност на учесниците да ги анализираат своите активности, да го проценат досега наученото и да га согледаат каде има потреба од понатамошно подобрување.

4.3 Одржување на обуките

Трите предвидени обуки ќе се одржат во различни периоди со оглед на фактот дека истите ги организира секоја организација одделно. Секоја обука ќе трае четири дена со временски распоред дефиниран да овозможи интензивно учење, со вклучување на теоретски и практични елементи.
Обуките ќе се одржат во соодветно опремени простории, кои ќе располагаат со современа аудиовизуелна опрема, работен простор за групи, како и опција за онлајн вклучување, (доколку некој од гостите експерти се вклучи онлајн).
Секоја обука ќе опфати 20 до 25 учесници, претежно млади лица на возраст од 18 до 29 години, со интерес или вклученост во темите поврзани со финансиска писменост, граѓанска партиципација, јавни и локални финансии и буџетски процеси, антикорупциски иницијативи и ЕУ интеграции. Учесниците ќе бидат избрани врз основа на процес кој ќе инкорпорира јавен повик и директни покани и кој ќе се врши преку пополнување краток формулар за селекција. Овој процес ќе гарантира дека учесниците имаат интерес и посветеност на темата, што ќе обезбеди висок квалитет на учење.
Обуките ќе се спроведат од страна на искусни експерти и фасилитатори кои ќе бидат поддржани и од гости предавачи. Секој ден ќе се состои од неколку теми, вклучувајќи теоретски вовед, групни вежби и симулации, студии на случај, креативни активности и евалуација и самооценување.

Теоретските воведи ќе бидат кратки и ќе се презентираат со визуелни материјали, а активностите ќе ги поттикнуваат учесниците на интерактивно учење преку решавање на конкретни задачи и студии на случај.
За секоја обука ќе бидат подготвени прирачници, презентации и дигитални алатки, кои ќе им помогнат на учесниците да го следат курсот и да го применат стекнатото знаење. Учесниците ќе добијат работни материјали во електронска форма, што ќе им овозможи лесен пристап и понатамошно користење на материјалите. По завршувањето на секоја обука, учесниците ќе добијат сертификати за учество.
Со оваа структура на обуките, ќе се обезбеди учесниците да се стекнат со сеопфатно разбирање на темите, како и практична примена на стекнатото знаење, што ќе им помогне да ги интегрираат научените концепти во нивното работење и живеење.

Заклучок

Следејќи ја внимателно изработената методологија, трите партнерски организации – Промо Идеа од Струмица, Новус Струмица и Круна Плус од Радовиш – воспоставија конзистентна и функционална рамка која служи како основа за развој на едукативни содржини т.е. модули за обука и спроведување на практични обуки насочени кон унапредување на финансиската писменост кај младите. Оваа методолошка рамка овозможува систематизирано, целосно структурирано и тематски релевантно креирање на модули за обука кои ги адресираат клучните теми (јавни и локални финансии) како што се буџетирање, приходи и расходи, одговорно управување со јавни финансии и транспарентност на институциите.

Преку спроведување на оваа рамка, организациите не само што поставуваат основа за создавање и реализација на висококвалитетни и интерактивни обуки, туку и активно придонесуваат кон развој на капацитетите на целните групи. Преку создадените модули за обука и спроведените обуки, учесниците стекнуваат знаење и алатки за лично и општествено делување, што е во согласност со основната цел на проектот - да се подобри нивото на финансиска писменост кај младите лица, со особен фокус на ефективно управување со јавните и локалните финансии и препознавање на појавата на корупција, теми кои се клучни за градење на одговорно и инклузивно општество.

Методолошкиот и систематизиран пристап дава можност за спроведување на слични или исти обуки и во понатамошна фаза, со различни учесници.

Белешки











Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ЗДРУЖЕНИЕ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА
ПРОМО ИДЕА СТРУМИЦА

ПРОЕКТ: МЛАДИНСКА МРЕЖА ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ НА ЈУГОИСТОКОТ
ПРОЕКТОТ Е ПОДДРЖАН ОД ВЛАДАТА НА ШВАЈЦАРИЈА ПРЕКУ ЦИВИКА МОБИЛИТАС